# ПРЕГЛЕД НА ИСКУСТВА И ПРАКТИКИ

## ОД МЕЃУНАРОДНИТЕ СОВЕТИ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ



д-р Дејан Донев

# ПРЕГЛЕД НА ИСКУСТВА И ПРАКТИКИ

## ОД МЕЃУНАРОДНИТЕ СОВЕТИ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ

Март 2017

**Издавач:**
Совет за етика во медиумите на Македонија
Бул. Теодосиј Гологанов 54-2, Скопје, Македонија
www.semm.mk

**Автор:**
проф. д-р Дејан Донев

**Координација:**
д-р Марина Тунева

**Лектор:**
Ружица Пејовиќ

**Дизајн:**
МајПринт

**Печати:**
МајПринт

**Тираж:**
100

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка од проектот „#РеФорМедиа – Унапредување на соработката меѓу граѓанското општество, институциите и граѓаните за спроведување реформи во медиумската сфера", кој го спроведуваат Македонскиот институт за медиуми и Мировниот институт од Љубљана. Проектот е финансиран од Европската Унија.

Содржината на оваа публикација е целосна одговорност на авторот и на Советот за етика во медиумите и во никој случај не ги одразува ставовите на ЕУ.

# СОДРЖИНА

Вовед . . . . . . . . . . 5

I. Преглед на искуства и практики на советите за етика во мрежата на Алијансата за независни совети за етика во Европа (AIPCE) . . . . . . . . . 7

II. Преглед на искуства и практики во известувањето за сензитивни прашања од јавен интерес . . . . . . . . . . 14

III. Заклучок . . . . . . . . . . 21

IV. Користена литература . . . . . . . . . . 22

# ВОВЕД

Во денешни услови, соочувајќи се со старите, но и со нови дилеми, новинарите и севкупно медиумските работници мора да бидат конзистентни во примената на етичките и професионалните стандарди, а особено во опкружувањето што е под револуционерно влијание на новите технологии. Еден од начините е преку примена на саморегулацијата, која има директно влијание врз слободата на информирањето: „медиумите се одличен механизам со кој граѓаните бараат одговорност кон јавноста и поединците. Меѓутоа, медиумите мора и самите да бидат одговорни доколку сакаат да ја задржат улогата на кучиња чувари во однос на власта и другите моќници, а токму саморегулацијата е функција што го има средишното место во тоа, поттикнувајќи ја притоа и медиумската одговорност кон публиката и зајакнувајќи го квалитетот на медиумот преку доброволни механизми, кои медиумските професионалци ги следат“[1].

Кога зборуваме за саморегулацијата и за нејзиниот појавен облик, всушност, станува збор за „учество на новинарите, сопствениците на медиуми и претставниците на јавноста во оценување на примената на етичките принципи во медиумите“[2] преку разни форми на саморегулациски тела, од совети за медиуми и правобранители за медиуми, па сè до комбинација на двете, зависно од традицијата на поединечни земји. Притоа, од особено значење е постоењето на совет за етика, како „архетип на саморегулаторно тело и, главно, најчеста форма на саморегулаторно тело“[3].

И медиумската реалност во Република Македонија бележи постоење и успешно функционирање на Совет за етика во медиумите од декември 2013 година. Како резултат на досегашните искуства од спроведувањето на саморегулацијата и кај нас, а и пошироко, се покажува дека нејзината примена е вистински предизвик. Со оглед на тоа што се незаобиколиви и темите и искуствата од други држави што имаат подолга традиција на медиумска саморегулација, идејата за овој преглед е да обезбеди наративен приказ на искуства и практики во справувањето со одредени прашања од страна на советите за етика - членки на Алијансата за независни совети за етика во

---

1 Janis Karklinš, „Uvodnik“, во *Profesionalno novinarstvo & Samoregulacija*, Stjepan Malović (ur.), UNESCO, Zagreb, 2001, str. 11.

2 Gordana Vilović, „Etičnost masovnog komuniciranja“, во *Masovno komuniciranje,* Stjepan Malović et al. (ur.), Golden marketing-Tehnička knjiga, Sveučilište Sjever, Zagreb, 2014, str. 268.

3 Огњан Златев, „Совет за етика“, во *Водич за саморегулација во медиумите*, Миклош Харашти и други, Совет за етика во медиумите на Македонија, Скопје, 2016, стр. 45-46.

медиумите во Европа (AIPCE)[4] во неколку сегменти, но и на етичките кодекси, со фокус врз нивните одредби што се однесуваат на известувањето за одредени, сензитивни прашања, како што се: *заштитата на личноста и приватноста, спречувањето на дискриминацијата по различни основи, заштитата на деца и малолетници, известувањето за криминал, самоубиства итн.*

Идејата произлезе како резултат од досегашната практика на редовна и корисна комуникација меѓу Советот за етика во медиумите на Република Македонија и членките на Алијансата. Притоа, резултатите од таа дискусија се корисни не само за Советот, туку и за експертската јавност, а и пошироко за јавноста, која е потребно одблиску да се запознае со работењето, пристапот и придобивките од постоењето и функционирањето на телото за саморегулација. Во исто време, соработката со членките овозможува Советот за етика во медиумите на Република Македонија во континуитет отворено да дискутира и да разменува искуства за постојните и можните дилеми и за нивно решавање, но и да се запознае со нови прашања и предизвици во медиумската сфера, а кои подлежат на етичка опсервација, промисла и решавање.

Методологијата што се користеше во подготовката на овој Преглед опфаќа анализа на документи, етички рамки, регулативи, мислења и одлуки, анализа на секундарни податоци, но и дополнителни извори поврзани со темата на истражувањето. Првиот дел од Прегледот резултира од разгледувањето на пристапот во работењето на советите за етика во делот на практично поставени дилеми и нивни решенија што се од суштинско значење за работењето на советите за етика, особено за новоформираните, додека вториот се однесува на преглед на одредени елементи од селективно одбрани етички кодекси што даваат одговор на предизвиците на кои се наидува во однос на медиумското известување за сензитивни прашања од јавен интерес. Целта, меѓу другото, е да се согледа и колку тие ја одразуваат и реалноста во дејствувањето на традиционалните и социјалните и новите медиуми од денешна перспектива.

---

4 Се работи за „неформална мрежа" основана во 1999 година во Лондон, а која до овој момент има обединето околу 40 европски независни совети за етика, со цел преку своите годишни состаноци да обезбеди форум за дискусија на актуелни теми, како и размена на идеи, корисни информации, но и совети за одредени дилеми помеѓу претставниците на нејзините членки. Во својата мрежа, иако фокусот е на европското медиумско тло, Алијансата вклучува и саморегулаторни тела од други држави во светот.

# I. ПРЕГЛЕД НА ИСКУСТВА И ПРАКТИКИ НА СОВЕТИТЕ ЗА ЕТИКА ВО МРЕЖАТА НА АЛИЈАНСАТА ЗА НЕЗАВИСНИ СОВЕТИ ЗА ЕТИКА ВО ЕВРОПА (AIPCE)

Од корпусот обемен материјал за обработка, кој е резултат на интензивната комуникација и соработка со членките на Алијансата, фокусот е на оние прашања и дилеми што се во најтесна корелација со работењето на Советот за етика на медиумите во Република Македонија и кои од повеќе аспекти би можеле да бидат земени како солидна основа во решавањето одредени дилеми во неговото работење. Во исто време, тие би биле корисни и за експертската, но и за пошироката јавност што сака да има увид во начинот на постоење и функционирање на советите како саморегулаторни тела.

Оттука, најголем дел во анализата се однесува на *правата, задачите и начините на функционирање на советите,* во кои влегуваат следниве прашања и дилеми:

1. **<u>За критериумите за членство во Советот, регулирањето на системот на гласање, како и за правото на гласање на членовите на Советот</u>**;

Во Белгија посебно постојат Одбор и Совет за етика. Првиот е подеднакво составен од претставници од асоцијациите на издавачи, радиодифузни медиуми и новински агенции, но и од асоцијациите на новинари, додека пак вториот, подеднакво од претставници од издавачите, радиодифузните медиуми и новинските агенции, потоа од асоцијациите на новинари, но и од претставници од граѓанското општество. И додека Одборот е тој што ги прифаќа кодексот и измените во него, назначува членови за Советот за етика, како и генерален секретар/омбудсман и административен асистент, Советот е оној што прави подготвување на измени во кодексот, подготвување и усвојување нови насоки и справување со поплаките. Се работи за систем што е речиси ист и за Советот во Белгија во француското говорно подрачје, при што единствената разлика е што овој Совет има двајца дополнителни членови во Советот за етика, односно двајца претставници од уредниците.

Поинакво решение од претходното среќаваме во Швајцарија, каде што во Советот нема членство, туку е основан и финансиран од новинарските унии, издавачките асоцијации, асоцијацијата на уредници, како и од јавните радиодифузери, при што основачкиот Совет назначува членови во Советот за етика.

Во Норвешка, пак, Советот за етика[5] е формиран во далечната 1929 година од страна на норвешката медиумска асоцијација, како професионално тело каде што мнозинство се медиумските работници и кое секогаш е раководено од уредник или новинар. Неговата основна цел е надгледување и продолжување на етичките и професионалните стандарди во сите медиуми во Норвешка. Тој е составен по предлог на норвешката медиумска асоцијација од претставници со двогодишен мандат од по двајца уредници и новинари и тројца високопочитувани претставници од јавноста, а се раководи од Етичкиот кодекс, како и од Кодексот на уредници донесен во 1953 година.

Од регионот, Советот за етика на БиХ е основан од 10-те најголеми печатени медиуми и две асоцијации на новинари на БиХ. Сите печатени или онлајн-медиуми може да бидат официјални членови доколку медиумите се регистрирани како друштва со ограничена одговорност, односно како правни ентитети во областа на новинарството и на медиумската индустрија, но не и како здруженија на граѓани или маркетинг-компании. Одборот на директори одлучува за прием на нови членови, додека Собранието ја потврдува оваа одлука. Одреден број медиуми имаат два, три или само еден претставник во Собранието на Советот за етика, но кога станува збор за гласање, само по еден претставник од медиум има право на глас, при што одлуките се усвојуваат со мнозинство од гласовите.

Во пошироки рамки, во Јужноафриканската Република, на пример, Советот за етика е 50% составен од претставници од јавноста, додека 50% од претставници од новинарската заедница. Комисијата за поплаки до електронските медиуми е сочинета од претседател, кој е назначен од самата Комисија, додека 12 члена се назначени од пензиониран судија, кој едновремено го одредува и омбудсманот. Во Азербејџан, Одборот е управувачко тело на Советот за етика, кој е составен најмногу од претставници на традиционалните мас-медиуми, потоа од членови што го претставуваат јавниот интерес, но и од членови на интернет-портали. Истиот Совет има околу 200 организации членки, кои вклучуваат весници, списанија, информативни агенции, интернет-информациски ресурси и медиумски организации. Штом ќе помине четиригодишниот мандат на Одборот, се свикува нов конгрес, на кој треба да бидат избрани нови членови на Одборот.

5 Модел согласно со кој се формираше и Советот за етика во медиумите на Македонија.

2. **<u>За почитување/земање предвид на одлуките на Советот за етика во судски процеси, но и за можната координираност на Советот и регулаторното тело по одредени проблеми</u>**;

Постојат различни решенија во однос на ова прашање. Имено, во Швајцарија, неретко судовите (дури и Федералниот) се повикуваат на одлуки и етички размислувања на Советот за етика во медиумите. Иако не постои специфична координација, има случаи кога Советот за етика поканил судија од Федералниот суд на седница на Советот со цел подготовка на одлука во врска со известување за судски процеси.

Во Белгија, пак, за да се реши случај поврзан со новинари или со медиуми, еден од критериумите што ги употребуваат судиите во својата работа, во носењето одлука, е земање предвид на новинарските етички правила. Оттука, и мисијата на Советот како саморегулаторно тело е обезбедување совети на судиите или судовите кога тие тоа го бараат од Советот. Во овој контекст, може да се зборува и за институционална соработка, која иако не постои како официјален механизам, туку многу повеќе како облик на неформална практика, сепак кога се работи, на пример, за случаи на говор на омраза од страна на новинари, Советот обично го информира Центарот создаден од страна на надлежните да дејствува во однос на случаите поврзани со расизам, дискриминација, говор на омраза..., а Центарот одлучува што понатаму со овие информации.

Ваквата практика е евидентна во фламанскиот регион на Белгија, каде што е забележана соработка помеѓу Советот и Центарот за еднакви можности, како јавна институција што се бори со дискриминацијата на законска основа.

Во однос на овие практики, интересно е и искуството од Ирска, каде што во согласност со Законот за клевета од 2009 година, односно членот 26, весник што е тужен може во своја одбрана да се повика на фактот дека работел во согласност со Кодексот на Советот за медиуми и неговите одлуки.

3. **<u>За регулативите и можноста од одвивање на паралелни постапки во Советот и во судот</u>**;

Во Ирска, Советот не ги разгледува поплаките доколку е иницирана судска постапка, и тоа без разлика дали постапката е започната пред поднесувањето на поплаката до Советот или за време на нејзиното разгледување. Имено, разгледувањето на поплаката во Советот е одложено сè до заклучокот или стопирањето на судската постапка, под услов судските постапки или стопирања да се во времетраење од две години од денот на објавувањето на написот. По овој период предметот се затвора. Во исто време, можноста од евентуално иницирање судска постапка не е, сама по себе, доволна за да

се одложи разгледувањето на поплаката. Сепак, доколку на приемот на поплаката е дадена најава за евентуално иницирање судска постапка од страна на жалителот, од него се бара потврда дека никакви судски постапки нема да бидат иницирани сè додека не заврши разгледувањето на поплаката од страна на Советот. Дополнително, доколку написот за кој се однесува поплаката е извештај за судски постапки, од жалителот се бара, онаму каде што тоа сè уште не е јасно, да наведе дали се комплетирани сите судски постапки за предметот.

Се работи за механизам многу сличен со оној во Австралија, каде што од жалителите не се бара да се откажат од какви било судски постапки, но од нив се очекува да се изјаснат дека не размислуваат за евентуални судски постапки во моментот кога е поднесена поплаката. Оттука, доколку Советот утврди дека паралелно е во тек и граѓанска или кривична постапка, се суспендира разгледувањето на поплаката додека не завршат постапките. И во Швајцарија, регулативата на швајцарскиот Совет за етика во медиумите не дозволува прифаќање поплаки доколку е во тек или се предвидува паралелен процес. Сепак, доколку се работи за основен проблем од професионалната етика, швајцарскиот Совет може да го разгледува случајот.

Практиката во Финска укажува дека постои основа за отфрлање на поплаката доколку жалителот бара одлука согласно со која би можел да преземе дејство во суд за кривични постапки или за оштети. Во таков случај Советот не ја разгледува или го прекинува разгледувањето на поплаката. На линија на ваквата практика, поригиден систем може да се сретне во Естонија, каде што согласно со Статутот на тамошниот Совет, освен што поплаките не може паралелно да одат пред Советот и пред судот, Советот за медиуми не ги разгледува ни доколку жалителот не се идентификува и доколку поплаката не се однесува на прекршување на добрите новинарски практики. Уште повеќе, во Азербејџан Советот за етика ги одбива случаите кога поплаката веќе е разгледана на суд или е под истрага на безбедносните служби.

Сосема спротивно на претходните искуства има во Холандија, како и во Норвешка и Шведска, каде што Советот за етика нема систем за прекинување на постапката. Жалителите се слободни да одат на суд и/или пред Советот за етика, па дури и во исто време, имајќи на ум дека законските и етичките правила не се секогаш исти. Можно е да постои прекршување на етичкото правило, но сепак да се почитува законот и обратно, а уште повеќе што Советот не може да наложи санкција, додека судот може. Во оваа смисла, доколку жалителот изјави дека новинарот дејствувал спротивно на законските правила, Советот експлицитно во својата одлука утврдува дека како саморегулативно тело не е компетентно да донесе одлука за тоа.

4. **<u>За начинот на разгледување и донесување одлуки во однос на поплаките</u>**;

На регионално ниво, во косовскиот Совет за етика гласањето и носењето на одлуките се врши со просто мнозинство на сите членови што се присутни и гласаат. Во Комисијата за жалби на БиХ не се гласа, туку случаите се дискутираат, а членовите мора да бидат согласни околу одлуката, која треба да биде едногласно усвоена. Во Србија, пак, доколку не е можно да биде постигнат консензус, би објавиле дека не можат да се согласат во однос на одлуката и би ги објасниле причините за несогласувањето.

Пошироко анализирано, во Шпанија, иако ретко, сепак, каталонскиот Совет за информации се труди на поплаката да ѝ пријде од различни позиции и да постигне општ договор. И во естонскиот Совет за етика прво се бара консензус, додека гласањето е последна шанса, која ретко се користи. На оваа линија на практика е и белгискиот Совет за етика, кој од основањето во 2002 година досега сите одлуки ги носи со консензус, иако не се исклучени и други опции. Така е и во Холандија, каде што во мноштвото случаи досега одлуките се носат по пат на консензус. Сепак, доколку е потребно, согласно со регулативите на Советот за етика, се одлучува со мнозинство гласови, при што не постои „систем на одвоени мислења". Ваква практика постои и во Австралија, како и во Кипар, каде што Комисијата за жалби одлучува со консензус, но технички доволни се мнозинството гласови. Во Австрија, пак, членовите на нивниот Сенат немаат дури ниту можност да бидат воздржани, исто како и во норвешкиот Совет за етика во медиумите.

Во Финска, во случај на непостоење консензус, одлуките на Советот се носат по пат на отворено гласање. Доколку резултатите од гласањето се тесни, оној што претседава го има одлучувачкиот глас. Во Нов Зеланд оние што не се согласуваат со одлуката ја имаат можноста нивното несогласување да биде забележано, и тоа од просто забележување на имињата на оние што не се согласиле, па сè до подвлекување одредени детали зошто не се согласуваат со одлуката.

Интересни решенија се бележат во Ирска, каде што првичната одлука ја носи омбудсманот за медиуми. И жалителот и издавачот, потоа, на ограничени основи, можат да ја обжалат одлуката на омбудсманот за печатот кај Советот, кој бара консензус, а доколку не го постигне, одлуката се носи со мнозинство гласови. Во овој контекст, интересно е и решението во Шведска, каде што тамошниот Совет за етика има 8 гласа – 4 претставници од медиумите, 3 претставници од јавноста и еден судија од Врховниот суд во Шведска. Доколку гласањето заврши 4-4, судијата го има одлучувачкиот глас.

5. **<u>За одлуките поврзани со поплаки во однос на онлајн-материјали, сервиси и новинарство, но и во однос на блогови што не се во директна поврзаност со традиционалните медиуми</u>**;

Во однос на забрзаниот развој на технологијата и сè погоречката дилема: дали блоговите, форумите на интернет, како и Фејсбук, може да се сметаат за новинарство? Имено, во Швајцарија Советот за етика не разгледува содржини од блогови, форуми и содржини на Фејсбук и, според тоа, не носи одлуки во однос на нив, но во Нов Зеланд, пак, Советот за етика ја прошири својата област на дејствување и ги разгледува и содржините на блоговите. Во овој контекст, најдалеку има стигнато Норвешка, каде што и Кодексот за етика и системот за поплаки се отворени и за блогерите и за независните издавачи[6].

Од друга страна, во Белгија, Советот за етика ги прифаќа поплаките што се однесуваат на блогови и постови на социјални медиуми, но кои им припаѓаат на новинари. Тоа го прави само под услов новинарот да дејствува како новинар и блогот или постот да е новинарски продукт, што значи дека Советот не се занимава со лични постови.

Кипарската Комисија за жалби, пак, прифаќа поплаки и за блогери, со тоа што дури и кога блогерот не е новинар, Комисијата прифаќа поплака во случај блогот да шири информации. При ова, Комисијата инсистира сите веб-страници на медиумите, вклучувајќи ги и блоговите, да ја почитуваат обврската да ги модерираат коментарите од јавноста и да ги исфрлаат оние што се вулгарни, непристојни или на каков било начин ги повредуваат правата на другите.

Во делот на поплаките што доаѓаат поради блогови што не се во директна поврзаност со традиционалните медиуми, во Норвешка, како и во Финска, до советите за етика се поднесуваат вакви поплаки, како за скриено рекламирање, така и за навреда на личност од страна на блогер. И омбудсманот за медиуми во Шведска досега има примено поплаки во однос на профили на Твитер, иако ги има отфрлено.

Токму затоа, во Холандија на пример, се прави разлика што е одлучувачка дали еден блог може да се смета како „новинарски акт“ или пропуст во реализацијата на новинарската професија на блогерот. Оттука, овој Совет прави разграничување помеѓу она што е новинарско однесување и она што не е новинарско однесување. Во овој контекст, во Шведска, можно е да се поднесе поплака за она што е напишано на профилите на социјалните медиуми, но само доколку тие се поврзани со медиумот, при што терминот „поврзани“ подразбира постоење на профили што се отворени од името на медиумот и кои се контролирани од страна на одговорен уредник.

---

6 За нив најпрво е предвидена годишна котизација од 800 евра за учество во Советот за етика..

Сличен приод се забележува и во Австралија. Јурисдикцијата на Советот за етика се однесува и на поплаки за весници, списанија, онлајн-медиуми што се занимаваат со вести и дигитални изданија поврзани со нив, како што се Фејсбук, Твитер, сѐ додека издавачот ги контролира релевантните страници, во смисла на *нивната* фејсбук-страница или пост... И во Ирска Советот за етика прифаќа поплаки за материјали објавени на блогови под услов блогерот да се идентификува како член на изданието.

## II. ПРЕГЛЕД НА ИСКУСТВА И ПРАКТИКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СЕНЗИТИВНИ ПРАШАЊА ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Во денешниот медиумски свет, во услови на зголемување на бројот на актерите што учествуваат во производството и ширењето на информациите, на појава на нови методи на продукција и дисеминација на информациите, како и досега незабележана брзина на пласирање на медиумските производи, предизвикот е обезбедување примена на стандардите на саморегулација при известувањата, особено преку онлајн-медиумите.

Токму овој предизвик, начините на кои се применуваат стандардите на саморегулација, е идејата за вториот дел од прегледот. Тој нуди анализа на елементи од етичките кодекси на дел од членките на AIPCE, кои даваат (можни) одговори на предизвиците на кои се наидува во однос на медиумското известување за сензитивни прашања од јавен интерес. Се работи за разгледување и анализа на само одреден број етички кодекси, кои поради нормативната јасност и апликативната доследност, т.е. експлицитните одредби во третирањето на сензитивните теми и предизвици, би можеле едновремено да бидат од корист и при евентуално дополнување на етичката рамка во Република Македонија, кога станува збор за овие теми, со цел подигнување на свеста за вистинската вредност и примена на саморегулацијата.

### 1. *Заштита на личноста и приватноста при известувањето*

Прашањата за заштита на личноста и приватноста, со појавувањето и подемот на новите медиуми, а со тоа и со видоизменетата медиумска реалност, се издигнаа како номинално „горечки“ прашања во работењето на советите за етика. Во согласност со анализираните одредби на кипарскиот Етички кодекс[7], според кој се води кипарската Комисија за жалби при Советот за етика, не само што се забранува медиумите и новинарите да прават напади на личноста и да користат навредливи зборови што ја повредуваат честа и репутацијата на индивидуите, туку и се вели дека репутацијата и приватниот живот на индивидуите треба да бидат почитувани.

Во „Насоките за новинарска работа“ од Кодексот на медиуми[8] во Германија, со оглед на тоа што повредувањето на достоинството на луѓето со неадекватно претставување преку збор и слика е спротивно на новинарската етика, новинарите се обврзани да го почитуваат приватниот живот на лицето

7 http://www.cmcc.org.cy/code_practice2.html. Датум на пристап: 19.4.2017.

8 http://www.presserat.de/fileadmin/user_upload/Downloads_Dateien/Pressekodex2017english.pdf. Датум на пристап: 1.4.2017.

и неговото право на самоопределување за лични информации и да ја гарантираат уредувачката заштита на податоците. Во случај на откривање на идентитетот при известување, јавниот интерес мора да ги надмине интересите за заштита на засегнатите лица. Притоа, интересот за сензационалност сам по себе не го оправдува можното откривање на идентитетот при известувањето, бидејќи сè додека се бара анонимизација, таа мора да биде ефикасна.

На истото инсистира и фламанскиот Совет за етика во Белгија, кој, според Кодексот[9], го обврзува новинарот да го почитува човечкото достоинство и да не истражува повеќе отколку што дозволува јавниот интерес, во врска со одредена тема или прашање. Новинарот мора да избегнува искривување на слики и/или детали што треба да се објават, особено кога фактите силно влијаат врз јавното мислење. Во овој контекст, омбудсманот за медиуми во Шведска во својот Кодекс за етика[10] пропишува дека е потребно внимателно да се размисли за секој публицитет што може да ја наруши приватноста на индивидуите, при што е потребно воздржување од таков публицитет доколку јавниот интерес не го наметнува тоа.

Чекор понатаму во прецизирањето можни ситуации во кои личноста треба да биде заштитена е и одредбата во „Водечките принципи за новинарските активности" во рамките на Кодексот за етика за австриските медиуми[11], каде што експлицитно се вели дека во новинарските извештаи нема да се открива идентитетот на лицата чиј живот е во опасност доколку со тоа би можело да се изложат на уште поголема опасност. Оттука и инсистирањето во „Насоките за новинарите" на Советот за медиуми во Финска[12] на правото на приватност, кое треба да да се применува кога се објавуваат јавни документи или други јавни извори. Јавната достапност на информацијата не имплицира дека таа задолжително може да се објавува. Дискрецијата е особено значајна кога се работи за прашања поврзани со малолетници.

Во делот на заштита на приватноста, пак, и во анализираните одредби на кипарскиот Етички кодекс, како и во Насоките во Етичкиот кодекс на Косово[13], се наведува дека се неприфатливи упадите и истрагите во приватниот живот на индивидуите без нивна согласност, вклучувајќи го и фотографирањето на луѓето без нивно знаење или согласност (освен ако тие не се инволвирани во настани што креираат вести од општ интерес) или на приватна сопственост, како и собирањето информации преку прислушни средства или сликање оддалеку. Нивното објавување може да биде оправдано само во исклучителни случаи и единствено во согласност со јавниот интерес.

9 http://www.rvdj.be/sites/default/files/pdf/code-rvdj.pdf. Датум на пристап: 22.03.2017.

10 http://www.po.se/regler/pressetiska-regler. Датум на пристап: 03.04.2017.

11 http://www.presserat.at/rte/upload/pdfs/grundsaetze_fuer_die_publizistische_arbeit_ehrenkodex_fuer_die_ oesterreichische_presse_idf_vom_2.12.2013.pdf. Датум на пристап: 19.3.2017.

12 http://www.jsn.fi/journalistin_ohjeet/. Датум на пристап: 5.3.2017.

13 http://presscouncil-ks.org/wp-content/uploads/2015/04/Udh%C3%ABzues-p%C3%ABr-Kodin-e-Mediave-t%C3%AB-Shkruara-t%C3%AB-Kosov%C3%ABs-mars2015.pdf. Датум на пристап: 11.3.2017.

*2. Одговор на случаите на дискриминаторно известување*

Во време на зголемена можност од злоупотреба на работењето на медиумите во однос на пласирањето информации со кои ќе се поттикне дискриминација, нужно е во новинарската практика да ѝ се посвети особено внимание на штетноста од ширењето дискриминација по различни основи. Воден од ваквата идеја, фламанскиот Совет за етика во Белгија изречно инсистира новинарот да не смее да поттикнува дискриминација или расизам. При известувањето, новинарот во својот текст нема да стигматизира кога ќе ги споменува факторите како што се етничката припадност, националноста, религијата, идеологијата, сексуалната ориентација или родот. Во овој контекст, анализираните одредби од кипарскиот Кодекс потенцираат дека медиумите треба да избегнуваат какво било директно или друго споменување или акција против личност што содржи елементи на предрасуда врз основа на расата, бојата, јазикот, религијата, политичкото или друго убедување, националното или социјалното потекло, сопственоста, полот, староста или други индивидуални статуси, вклучувајќи ги психичките и ментални болести или попреченост.

Ваквите децидни одредби во заштитата на личноста од дискриминација се забележуваат и во Кодексот на норвешкиот Совет за етика[14], кој вели дека секогаш треба да се почитуваат личниот карактер и идентитет, приватноста, етничката припадност, националноста и уверувањето, при што ќе се внимава кога се користат термини што создаваат стигми и никогаш да не се привлекува внимание на личните и приватните аспекти доколку тие се ирелевантни. На оваа линија на нормирање е и Советот за медиуми во Финска, каде што освен што е наведена одредба за почитување на човечкото достоинство на секоја индивидуа, се наведува и дека етничкото потекло, националноста, полот, сексуалната ориентација, осудите или други слични персонални карактеристики не смее да бидат презентирани на несоодветен или потценувачки начин.

На ваква одредба се наидува и во „Водечките принципи за новинарските активности" во Кодексот на медиумите во Австрија, каде што се укажува дека секаква дискриминација поради возраста, попреченоста, полот, расата, верата, националноста, сексуалноста, идеологијата или од која било друга причина е недопуштена, при што дискриминирачките изјави со кои се омаловажува или се поттикнува сомнеж против лице или група на лица треба строго да се избегнува. Токму затоа во Насоките на Советот за етика во Холандија[15] се прецизира дека во известувањата ќе се констатираат етничката припадност, националноста, расата, религијата и сексуалната наклонетост на групи и поединци само ако тоа е неопходно за правилно разбирање на фактите и околностите за кои се известува.

14 http://presse.no/pfu/etiske-regler/vaer-varsom-plakaten/. Датум на пристап: 08.04.2017.
15 https://www.rvdj.nl/leidraad. Датум на пристап: 3.4.2017.

### 3. *Заштита на деца и малолетници при известувањата*

Најпрецизно разработени норми за ова комплексно и сензитивно прашање во делот на етичното и одговорно известување на медиумите и новинари, се поставени во „Насоките за новинарска работа" во германскиот Кодекс за етика, каде што се инсистира на недопустливост во објавувањето на идентитетот на деца и млади пред навршување на 18 години во поглед на известувањата за злосторства и несреќи. Уште повеќе, во поглавјето што се однесува на сензационалистичкото известување и заштитата на млади лица прецизно стои дека новинарите ќе се воздржат од несоодветно сензационалистички приказ на насилство, бруталност и страдање и ќе ја почитуваат заштитата на младите луѓе, односно при сликовитото претставување на акти на насилство и несреќи на насловните страници новинарите ќе ги почитуваат можните ефекти врз децата и младите.

Уште повеќе, во Кодексот во Норвешка дури се бара при известувањето однапред да се оценат импликациите што медиумите би можеле да ги предизвикаат во кој било случај, потенцирајќи го општото правило дека идентитетот на децата не треба да биде откриен дури ниту во известување за семејни спорови или случаи што се разгледуваат од социјални служби за згрижување или од судови. Ова, исто така, се однесува дури и за случаите кога одговорното лице или родителот даваат согласност за откривање на идентитетот на децата и/или малолетните лица.

И во Насоките на Етичкиот кодекс на Советот на Косово се укажува на обврзаноста на медиумите да дејствуваат во согласност со Конвенцијата за правата на детето на ОН. Притоа, во најмалку три одредби се утврдува дека медиумите треба да имаат дозвола од родителите или старателите за интервју, видеоснимање или фотографирање деца под 16 години. Исто така, медиумите не треба да го идентификуваат детето под 16 години, освен ако не е инволвирано во криминални дејства, како сведок или обвинет. Освен тоа, новинарите не смеат да ги интервјуираат, да ги вознемируваат, да ги сликаат или да ги снимаат децата во училиште или во негова близина без дозвола на директорот на училиштето.

Слични одредби има и во австрискиот Кодекс, кој вели дека во случај поврзан со идентитетот на деца, нивната заштита ќе има предност во однос на вредноста на информациите. Пред да бидат објавени слики и извештаи за малолетници, посебно критичко внимание ќе му биде посветено на прашањето дали таквото објавување е од јавен интерес. Ова особено во услови кога сè почесто се верува дека извештаите за кривично дело или прекршок сторени од страна на малолетни лица подоцна може да предизвикаат потешкотија или целосно да ја спречат нивната евентуална повторна интеграција во општеството. Токму затоа е и оправдана тенденцијата полното име на поединецот да

не биде објавено, односно, како што е наведено во последниот член од овој Кодекс, новинарите ќе практикуваат особено внимание во интервјуирањето и фотографирањето деца и во известувањето за прашања што може да имаат штетно влијание врз нивната иднина.

*4. Известувања за криминал*

Во секојдневното извршување на задачите што произлегуваат од професионалната ангажираност на новинарите и медиумите, во услови на зголемена можност за сензација, новинарите и медиумите сѐ повеќе се соочуваат со уште едно тешко и одговорно прашање што треба посебно да се разгледува низ моралниот објектив, односно со потребата за одговорно и етично известување за криминалот, кривичните дела, нивните сторители, жртви, но и нивните најблиски.

Имено, во Кодексот во Германија јасно е наведено дека јавноста има легитимен интерес да биде информирана во врска со кривични дела, постапка, истрага и судски процеси и дека тоа е работа на новинарите што треба да известуваат за овие прашања, при што посебно треба да бидат разгледани следниве фактори: интензитетот на сомневање, сериозноста на обвинувањата, стадиумот на постапката, степенот на слава на осомничениот или сторителот, претходното однесување на осомничениот или сторителот и сл. Оттука, новинарите ќе ги објавуваат само имињата, фотографиите и другите информации што овозможуваат откривање на идентитетот на осомничените или сторителите доколку легитимниот интерес на јавноста ги надвладее интересите за заштита на идентитетот на лицата вклучени во секој поединечен случај. Но објавувањето имиња и фотографии на сведоци генерално е недопуштено. Во случај на обновено известување за кривична постапка што лежи во минатото, по правило нема да биде објавено име или слика на сторителот на прекршокот во интерес на ресоцијализацијата, затоа што интересот за ресоцијализација е поголем доколку е подолг периодот што е поминат од осудата.

Уште повеќе, овој Кодекс нормира и дека во известувањето за реални и закануважчки акти на насилство треба да се известува за вакви инциденти на независен и автентичен начин, преку кој новинарот нема да дозволи од себе да создаде „алатка за криминалци“, што значи нема да прави обиди да посредува меѓу криминалците и полицијата и нема да прави интервјуа со сторители за време акти на насилство. Во овој контекст, Советот за етика во Финска оди чекор понапред кога нормира дека за време на тековно судење, новинарот нема да се стреми да влијае на одлуката на судот или однапред да презентира состојба на вина на субјектот што е во прашање.

Едновремено, при разгледувањето на прашањето за криминал, посебно треба да се третира и прашањето за нормирање на новинарското известување во однос на жртвите од тој криминал и нивните најблиски. Како што налага шведскиот Кодекс, секогаш треба да се покаже најголемо можно разбирање за жртвите на криминал и несреќи во однос на тоа дали да се објави името и сликите на жртвите и нивните роднини. Во продолжение, согласно со финскиот Кодекс, жртвите на криминал од различни оштети или несреќи имаат право да го зачуваат својот идентитет, освен во случаи кога заради подобро разбирање на настанот откривањето на идентитетот пред самата јавноста е потребно.

Уште попрецизна одредба се сретнува во германскиот Кодекс, каде што, меѓу другото, во делот за заштита на жртвите се вели дека знаењето на идентитетот на жртвата обично е ирелевантно за разбирање на појавата на несреќата, околностите на несреќата или кривичното дело, при што објавувањето име и фотографија на жртвата е дозволено доколку нивните роднини или други овластени лица имаат дадено согласност или доколку жртвата е јавна личност. Во случај на роднини и други лица што се индиректно засегнати од објавувањето и немаат никаква врска со тековниот предмет на известување, објавувањето на имињата и на фотографиите обично е недозволиво.

Имено, како што се наведува во норвешкиот Кодекс, секогаш треба да се размислува за начинот на кој известувањето за несреќи и криминал може да има влијание врз жртвите и нивните најблиски. Треба да се покаже разбирање кон луѓето во тага или за време на шок, па затоа не се дозволува откривање на идентитетот на жртвите или исчезнатите лица сè додека не бидат известени нивните најблиски.

### 5. *Известувања за самоубиство*

Кога се зборува за одговорноста и етичноста во новинарските известувања за самоубиства, „постојат многу погрешни разбирања и перцепции околу проблемот со самоубиствата, а медиумите може да имаат значителна улога (...) За нив не треба да се известува на симплифициран начин. Напротив, медиумите треба да ги разгледаат различните фактори, меѓу кои и културните, генетските и социокултурните фактори (...), да се едуцира јавноста за овој општествен проблем, а особено оние што се соочуваат со ризик од таков тип однесување да побараат соодветна помош“[16].

16 Марина Тунева & Фиљана Кока, *Етичко известување на медиумите во Европа и Македонија*. ЗНМ & Конрад Аденауер, Скопје, 2016, стр. 39-40.

Водени од ваквата улога на медиумите, во еден од најпрецизните кодекси - германскиот, се вели дека во известувањето за самоубиство е потребна воздржаност. Ова особено се однесува на објавувањето имиња и фотографии и опишувањето на посебните околности во кои тоа се случило. Уште повеќе, норвешкиот Кодекс бара да се биде внимателен при известувањето, односно да се избегнува опис на методите или други работи што може да придонесат за провокација за следни самоубиствени акции, а согласно со општата потреба за информации, доколку се нема потреба од неа, воопшто и да не се известува[17].

Едновремено, согласно со наодите на оваа анализа, забележително е што кај шведскиот Кодекс за етика на омбудсманот за медиуми се прави дури и надополнување на нормата и таа го опфаќа не само самоубиството, туку и обидот за самоубиство, инсистирајќи на поголема претпазливост во објавувањето информации особено во однос на чувствата на роднините, но и во однос на приватноста на жртвата.

На тоа се инсистира и кај фламанскиот Совет за етика, каде што се бара да се избегнуваат драматизација, претерани детали и позитивно претставување на фактите, со што се инсистира на „избегнување на речникот со кој самоубиството се сензационализира или се нормализира или, пак, се претставува како решение на проблемите“[18].

17 Ова оттаму што според податоците на СЗО, на светско ниво годишно се самоубиваат речиси еден милион лица, а се проценува дека од тоа во просек се погодени најмалку шест лица. World Health Organization (2008) Preventing Suicide – A Resource for Media Professionals, 2008. http://www.who.int/mental_health/prevention/ suicide/resource_ media.pdf. Датум на пристап: 11.11.2016.

18 Марина Тунева & Фиљана Кока, *Етичко известување на медиумите во Европа и Македонија*. ЗНМ & Конрад Аденауер, Скопје, 2016, стр. 40.

## III. ЗАКЛУЧОК

Саморегулацијата е повеќе од потребна „за градење доверба и кредибилитет во медиумите; за подобрување на стандардите за квалитет во медиумите; за спречување вмешаност од државата и од државните органи; и за намалување на бројот на судските случаи против новинари (...)“[19]. Токму затоа е и овој преглед: да понуди преглед на теми и дилеми, како и добри практики и можни решенија од искуството на членките на Алијансата за независни совети за етика во медиумите во Европа (AIPCE), пред сè оние што имаат долга традиција по прашања и предизвици со саморегулацијата.

Имено, во време на сè позачестена употреба на интернетот како платформа за размена на информации, сè поголема е и потребата од реобмислување на таа размена, на местото и улогата на новинарството, новинарот..., севкупно медиумската реалност, особено во делот на можната граница меѓу етичкото и законското при доставувањето на поплаките и донесувањето на одлуките од страна на советите за онлајн-материјали и сервиси, потоа можното регулирање на блогерајот, добивањето и пренесувањето информации преку социјалните мрежи, па сè до основното човеково право во оваа област - заштитата на приватноста. Се работи за апликативни решенија што едновремено можат да дадат одговор на актуелните предизвици на кои се наидува во однос на медиумското известување за сензитивни прашања од јавен интерес и кај нас.

Целта е да се презентираат искуства што се корисни, не само за Советот, туку и за експертската и за пошироката јавност, а со тоа би биле од голема корист и при евентуалното дополнување на етичката рамка во Република Македонија кога станува збор за овие теми. Преку отворање дискусија за понуденото можно е и да се влијае во однос на „поправањето“ на сликата со македонското новинарство. Оттука, се надеваме дека анализава ќе послужи како еден своевиден реперен момент за поттикнување понатамошни истражувања во повеќе специфични области, со што би се поедноставил и би се олеснил процесот на решавање на конкретните дилеми.

19 Огњан Златев, „Совет за етика“, во *Водич за саморегулација во медиумите*, Миклош Харашти и други, Совет за етика во медиумите на Македонија, Скопје, 2016, стр. 45-46.

## IV. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Bertrand, Claude-Jean. *Deontologija medija*. Zagreb: Sveučilišna knjižara & JETiC, 2007.
2. Донев, Дејан. *Етика во новинарството*. Скопје: УКИМ, 2011.
3. Karklinš, Janis. „Uvodnik", во *Profesionalno novinarstvo & Samoregulacija*, Stjepan Malović (ur.), UNESCO, Zagreb, 2001.
4. Milošević, Milan. *Ethics and Journalism in the South Eastern Europe:Comparative analysis of the journalistic profession*. Belgrade: Media Center, 2005.
5. Тунева, Марина & Фиљана Кока. *Етичко известување на медиумите во Европа и Македонија*. Скопје: ЗНМ & Конрад Аденауер, 2016.
6. Златев,Огњан. „Совет за етика", во *Водич за саморегулација во медиумите,* Миклош Харашти и други. Скопје: Совет за етика во медиумите на Македонија, 2016.
7. Vilović, Gordana. „Etičnost masovnog komuniciranja", во *Masovno komuniciranje,* Stjepan Malović et al. (ur.). Zagreb: Golden marketing-Tehnička knjiga, Sveučilište Sjever, 2014.


Интернет-извори:


1. World Health Organization (2008) Preventing Suicide – A Resource for Media Professionals, 2008. http://www.who.int/mental_health/prevention/ suicide/resource_ media.pdf. Датум на пристап: 11.11.2016.
2. http://www.cmcc.org.cy/code_practice2.html. Датум на пристап: 19.4.2017.
3. http://www.presserat.de/fileadmin/user_upload/Downloads_Dateien/Pressekodex2017english.pdf. Датум на пристап: 1.4.2017.
4. http://www.rvdj.be/sites/default/files/pdf/code-rvdj.pdf. Датум на пристап: 22.3.2017.
5. http://www.po.se/regler/pressetiska-regler. Датум на пристап: 3.4.2017.
6. http://www.presserat.at/rte/upload/pdfs/grundsaetze_fuer_die_publizistische_arbeit_ehrenkodex_fuer_die_ oesterreichische_presse_idf_vom_02.12.2013.pdf. Датум на пристап: 19.3.2017.
7. http://www.jsn.fi/journalistin_ohjeet/. Датум на пристап: 5.3.2017.
8. http://presscouncil-ks.org/wp-content/uploads/2015/04/Udh%C3%ABzues-p%C3%ABr-

Kodin-e-Mediave-t%C3%AB-Shkruara-t%C3%AB-Kosov%C3%ABs-mars2015.pdf. Датум на пристап: 11.3.2017.

9. http://presse.no/pfu/etiske-regler/vaer-varsom-plakaten/. Датум на пристап: 08.04.2017.
10. https://www.rvdj.nl/leidraad. Датум на пристап: 3.4.2017.